# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

12 април 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 6



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за инспекциски работи
Одделение за градежна инспекција
инспекција за животна средина и
комунална инспекција
ИП1 бр.33-26 од 27.03.2018 година
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор на Општина Гази Баба, врз основа на член 84 од Законот за општа управна постапка ("Сл.Весник на Република Македонија" бр.124/2015), врши:

**Ј А В Н А  О Б Ј А В А**
**на Решение за отстранување на градба**

Овластениот градежен инспектор на Општината Гази Баба, врз основа на член член 134, став 1, алинеа 1 од Законот за градење ("Сл.Весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16) и член 42 од Законот за инспекциски надзор, во поглед за отстранување на недостатоците утврдени со Записникот ИП.1 Бр.33-26 од 23.03.2018 година донесе,

**Ре ш е н и е**
**за отстранување на градба**
Реден број од Дневникот на Овластениот градежен инспектор бр.26

1. **Се наредува** на непознат сторител , д**а ги отстрани недостатоците утврдени во Записник ИП1 бр.33-26 од 23.03.2018 год. и тоа:**

**Да ја отстрани постоечката градба - помошен објект на КП 8175 КО Гази Баба со адреса на ул.Архимедова бб Скопје, која се состои од:**

• Помошниот објект е со катност – приземје, истиот е руиниран, како таков не е во функција и постои опасност од обрушување. Земјиштето на кое се наоѓа помошниот објект е во сопственост на Р.Македонија

• **Рок: 3 (три) дена по прием на Решението**

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3. За направените трошоци при административното извршување на Решението ИП1 бр.33-26 од 23.03.2018 год. од страна на Општина Гази Баба ќе се донесе посебен Заклучок.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Овластениот градежен инспектор во Општината Гази Баба, постапувајќи по службена должност изврши инспекциски надзор на КП 8175 КО Гази Баба, адреса на ул.Архимедова бб Скопје, констатиран е постоечки објект – помошен објект со катност-приземје.

Постоечкиот помошен објект спаѓа во втора категорија на градба согласно член 57, став 2 од Законот за градење ("Сл.Весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16).

Постоечката градба е: градба на постоечки помошен објект со катност-приземје.

Овластениот градежен инспектор при Општина Гази Баба во согласност со горе кажаното и согласно член 134, став1, алинеа 1 од Закон за градење („Сл. Весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16), донесе Решение како во дипозитивот.

**Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување**, согласно член 137 став 4 од Законот за градење („Сл. Весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение може да се изјави жалба преку овој орган до Државната комисијата за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од денот на приемот .

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни таксени марки и се поднесува во 2 примероци.

ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР
Милка Петковска диа, с.р.

СЕ ПРЕДУПРЕДУВА лицето Н.Н. сопственик на помошен објект лоциран на ул.”Архимедова” бб, спроти главниот влез на Општина Гази Баба - Скопје дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Оваа објава се објавува во Службен гласник на Општина Гази Баба еднократно.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за инспекциски работи
Одделение за градежна инспекција
инспекција за животна средина и
комунална инспекција
ИП1 бр.33-26 од 03.04.2018 година
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор на Општина Гази Баба, врз основа на член 84 од Законот за општа управна постапка ("Сл.Весник на Република Македонија" бр.124/2015), врши:

**Ј А В Н А О Б Ј А В А**
**на Заклучок за дозвола за извршување**

Врз основа на член 142 од Законот за градење („Сл.весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16), овластениот градежен инспектор при Општината Гази Баба, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**- за дозвола за извршување -**

1. **СЕ УТВРДУВА** дека Решението за отстранување на градба, ИП1 бр.33-26 од 23.03.2018 година, донесено од страна на овластениот градежен инспектор при Општина Гази Баба е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување

- **СЕ НАЛАГА на извршеникот - непознат сторител Н.Н.** да ја отстрани постоечката градба - помошен објект на ул."Архимедова" бб, КП 8175 КО Гази Баба, која се состои од:
• Помошен објект со катност – приземје, истиот е руиниран како таков не е во функција поради што постои опасност од негово обрушување.
- **2(два) дена по приемот на Заклучокот**

2. Доколку извршеникот не ја исполни својата обврска во утврдениот рок, ќе се издаде налог за извршување по што извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
3. Жалбата против овој Заклучок не го одлага извршувањето на Решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор при Општината Гази Баба, со Решение ИП1 бр.33-26 од 23.03.2018 година му наложи на непознат сторител Н.Н., да ја отстрани градбата на ул."Архимедова" бб КП 8175 КО Гази Баба, која се состои од
• Помошен објект со катност – приземје, истиот е руиниран како таков не е во функција поради што постои опасност од негово обрушување.

Во конкретниот случај Решението со ИП1 бр. 33-26 од 23.03.2018 година, со кое се наредува да се отстрани постоечка градба – помошен објект, кој се наоѓа на КП 8175 КО Гази Баба, во Општина Гази Баба, согласно Законот за градење ("Сл.весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) станува извршно со доставување Заклучок на странката на која се однесува Решението.

Бидејќи споменатото Решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Жалбата против овој Заклучок не го одлага неговото извршување, согласно член 137 став 4 од Законот за градење („Сл.весник на РМ" број 130/09;124/10;18/11; 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против овој Заклучок може да се изјави жалба преку овој орган до Државната комисијата за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот .

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во 2 примероци.

Овластен градежен инспектор
Милка Петковска диа, с.р.

СЕ ПРЕДУПРЕДУВА лицето Н.Н. сопственик на помошен објект лоциран на ул."Архимедова" бб, спроти главниот влез на Општина Гази Баба – Скопје дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Оваа објава се објавува во Службен гласник на Општина Гази Баба еднократно.

Врз основа на член 50 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 3 од Одлуката за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.09-1061/4 од 14.03.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ОДЛУКАТА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука престануваат да важат Одлуката за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-772/1 од 20.02.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/18) и Одлуката за одлагање на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-772/2 од 02.03.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/18).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-722/3**
**од 30.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЈАВНА ОБЈАВА** ........................................ 3

**ЈАВНА ОБЈАВА** ........................................ 5

**ОДЛУКА** за престанување на важење на Одлуката за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба и Одлуката за одлагање на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба ........................................ 7

"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.06/18

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци